# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

**Службен весник на РМ, бр. 53 од 14.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" број 111/2008, 64/2009, 88/10 и 23/11), по членот 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

**„Член 27-а**

(1) Доколку комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон не донесат решение по жалбата во рокот од членот 27 став (4) на овој закон, подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. Формата и содржината на известувањето од овој став ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(2) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (1) на овој член да изврши надзор во комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од пет работни дена од денот на извршениот надзор до го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(3) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно закон донесува решение со кое ги задолжува претседателите на комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон во рок од десет дена да одлучат по поднесената жалба, односно да ја уважат или одбијат жалбата и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба.

(4) Доколку претседателите на комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон не одлучат во рокот од ставот (3) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателите на комисиите ќе одлучат по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(5) Доколку претседателите на комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (4) на овој член, инспекторот ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во рок од три работни дена го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(6) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (2) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(7) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (6) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето согласно со ставовите (2) и (3) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (4) и (5) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за

управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(8) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (7) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(9) Во случајот од ставот (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(10) Во случаите од ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(11) Доколку директорот на државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (7) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(12) Доколку претседателите на комисиите од членот 27 ставови (2) и (3) на овој закон не одлучат во рок од ставот (5) на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред Управниот суд.
(13) Постапката пред Управниот суд е итна."

**Член 2**

Подзаконските акти предвидени со членот 1 од овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".